Врз основа на член 141 став 2 и 3 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на РМ“ бр. 59/96 и 25/98), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА НОТАРСКИОТ ИСПИТ

Член 1

Во Правилникот за полагање на нотарскиот испит ("Службен весник на РМ" бр. 4/97), по членот 1 се додава нов член 2 кој гласи:

„Член 2

Нотарскиот испит се полага усно и писмено.

За кандидатите кои го немаат положено правосудниот испит, усниот дел на испитот го полагаат од следните предмети:

– нотарска служба, организација и делокруг на нотаријатот, составување, заверување и легализација на исправите во односите со меѓународен елемент;

– парнична постапка, извршна постапка, вонпарнична постапка, наследно право, семејно право и стварно право;

– кривично право во деловите: кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, против службената должност, против правосудството и против правниот сообраќај;

– трговските друштва во делот на надлежноста на нотарите и евиденција на правата за недвижности.

За кандидатите кои го имаат положено правосудниот испит, усниот дел на испитот го полагаат по следните предмети:

– нотарска служба, организација и делокруг на нотаријатот, составување, заверување и легализација на исправите во односите со меѓународен елемент;

– дел од парничната постапка, извршната постапка, вонпарничната постапка, наследно право, семејно право и стварно право кои се во врска со вршење на нотарските работи;

– дел од кривично право: кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, против службената должност, против правосудството и против правниот сообраќај, кои се во врска со вршење на нотарските работи;

– дел од трговските друштва, кои се во врска со надлежноста на нотарите и евиденција на правата на недвижностите.

Писмениот дел на испитот се состои во составување на нотарска исправа и истиот се однесува на сите кандидати кои го полагаат нотарскиот испит“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.09-3454/1
5 ноември 1998 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов,** с.р.